**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 3 и 18, а во согласност со член 7 став 1 точка 4, членови 24 и 41 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21 и 74/24), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ПОЛИТИКА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ И ИНВЕСТИРАЊЕ НА ДЕВИЗНИТЕ РЕЗЕРВИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Во Политиката за управување и инвестирање на девизните резерви на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 223/15 и 141/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 132/22), по точката 3 се додава нова точка 3-а, којашто гласи:

„3-а. При управувањето со девизните резерви може да се земе предвид и заложбата на Народната банка поврзана со придонесот за зелена одржлива економија, зголемена свесност за климатските промени и за социјална одговорност, без притоа да се нарушат принципите на сигурност, ликвидност и профитабилност."

2. Во точката 7, ставот 8 се менува и гласи:

„Корпоративни обврзници – купување и продажба на должнички хартии од вредност издадени од странски финансиски и нефинансиски друштва."

По ставот 8 се додава нов став 9 којшто гласи:

„Удели во инвестициски фондови – купување и продажба на удели во инвестициски фондови коишто се регистрирани во странство и за коишто основно средство се финансиските инструменти дозволени во Политиката за управување и инвестирање со девизните резерви."

3. Точката 8 се менува и гласи:

„Списокот на дозволени земји каде што може да се пласираат девизните резерви, издавачите на хартии од вредност и финансиските институции со коишто е дозволено да се склучуваат трансакции при управувањето со девизните резерви, друштвата за управување со инвестициски фондови, како и квантитативните лимити на изложеност се утврдуваат во Правилата за управување и инвестирање на девизните резерви."

4. Во точката 9, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

5. Во точката 13, ставови 1 и 2, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

6. Во точката 17, ставови 1 и 2, зборот: „гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“.

7. Во точката 19, став 1, зборот: „гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“.

8. Оваа политика стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

**Бр. 02-34557/6**
**9 октомври 2024 година**
**Скопје**